Уп. бр.08-36

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КАРИАД СЕ (CARIAD SE) со седиште на Берлинер Ринг 2, Брифах 1080/2, 38440 Волфсбург, Сојузна Република Германија, преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 26.02.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која КАРИАД СЕ (CARIAD SE) со седиште на Берлинер Ринг 2, Брифах 1080/2, 38440 Волфсбург, Сојузна Република Германија стекнува контрола над Куартет мобиле ГмбХ (Quartett mobile GmbH) со седиште на Валтер-Гропиус-Штр. 17, 80807 Минхен, Сојузна Република Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 24.01.2024 година, а дополнето на 31.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на КАРИАД СЕ (CARIAD SE) со седиште на Берлинер Ринг 2, Брифах 1080/2, 38440 Волфсбург, Сојузна Република Германија, со која КАРИАД СЕ Сојузна Република Германија стекнува контрола над Куартет мобиле ГмбХ (Quartett mobile GmbH) со седиште на Валтер-Гропиус-Штр. 17, 80807 Минхен, Сојузна Република Германија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

**КАРИАД СЕ** се занимава со интерно развивање на автомобилски софтверски решенија и апликации за возилата на Фолксваген Групацијата. Кариад е директниот стекнувач во Предложената трансакција и претставува зависно друштво во сопственост (индиректна) на Фолксваген Групацијата, акционерско друштво основано според законите на Сојузна Република Германија, со регистрирано седиште на Берлинер 2, 38440 Волфсбург, Република Германија.

Фолксваген Групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (*coaches*), шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема. Фолксваген групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила. Фолксваген групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Фолксваген Лајт Комршал (Volkswagen Light Commercial), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). Фолксваген групацијата, исто така нуди услуги на мобилност, како што се возила на повик (*ride hailing*) и споделување на возила (*car sharing*).

Фолксваген Групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје,

Порше Брокер АД Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје,

Сканиа Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје, и

Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје.

Деловниот потфат на овие друштва во Северна Македонија се трговија со моторни возила и финансиски лизинг.

**Куартет мобиле ГмбХ** е друштво за развој на софтвер, претежно активно со развој и дистрибуција на софтверски решенија (или учество во развојот на такви решенија), со

фокус на развој на апликативен софтвер за мобилни уреди. Поконкретно, Куартет обезбедувало развој на Апликации за Фолксваген Групацијата, однодно вршело развој или учествувало во развојот на Апликации за друштва од Фолксваген Групацијата за поврзување на соодветниот Фолксваген автомобил и возачот.

Подносителот наведува дека услугите и можностите на Куартет генерално не се ограничени на развој на Апликации и други софтверски услуги за автомобилската индустрија. Генерално, софтвер инженерите на Куартет мобиле ГмбХ се вешти и способни да развиваат Апликации и други софтвер производи за клиенти од која било индустрија. Развојот на софтвер за автомобилската индустрија суштински не се разликува од развојот на софтвер за другите индустрии.

Иако активноста на Куартет мобиле ГмбХ не е изречно ограничена со нејзините корпоративни документи за да им служи само на друштвата од Фолксваген Групацијата, Целното друштво во минатото ги обезбедувало своите услуги само за друштва од Фолксваген Групацијата, а не и на друштва кои не се дел од Фолксваген Групацијата и, оттука, ги остварило своите приходи исклучиво од друштва од Фолксваген Групацијата. На тој начин, Куартет мобиле ГмбХ самостојно снабдува и остварува 100% од својата продажба со друштвата од Фолксваген Групацијата лоцирани во Германија и Обединетото Кралство.

**Куартет мобиле Гмб**Х не е активен и не остварува приходи на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**